**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**Број: 18-75289/1**
**Дата: 25.09.2020 година**
**Скопје**

Врз основа на член 75 став 1 од Законот за јавни набавки ("Сл.весник на РСМ", бр.24/2019), Министерот за внатрешни работи донесува:

# ИЗМЕНА 3 НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2020 ГОДИНА

Финансиските средства за набавките предвидени во овој план за јавни набавки се обезбедени од буџетот на Министерството за внатрешни работи, жиро сметки: 060010012463714; 060010012463112 и 060010012407812

| Бр. | Предмет на договор за јавна набавка / рамковна спогодба | Шифра според ЗПЈН | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Проценета вредност | Очекуван почеток на постапката (месец) | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки** | | | | | | | |
| 1. | Техничка опрема за Одделот за односи со јавност и стратешки прашања | 38651000-3<br>32333200-8<br>32324000-0 | Договор | Набавка од мала вредност | 600.000 | Октомври | / |
| 2. | ПЦР тестови | 33651510-6<br>33600000-6 | Рамковна спогодба (2 годишна) | Набавка од мала вредност | 600.000 | Октомври | / |
| 3. | ХТЗ обувки | 18830000-6 | Договор | Набавка од мала вредност | 600.000 | Ноември | / |
| 4. | Климатизација на ИКТ центарот во Прилеп | 42512000-8 | Договор | Отворена постапка | 12.000.000 | Октомври | / |
| **II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги** | | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Услуги за земјотресно инжинерство и инжинерска сеизмологија | 71352100-1 | Рамковна спогодба (3 годишна) | Член 23 став 1 точка 4 | 2.000.000 | Октомври | / |

**Забелешки :**

1. Постапките за набавка на работно-заштитна облека за работниците од специјални одделенија, бурек, пици и банички, лекови и серуми, ленти СТОП ПОЛИЦИЈА, четирицикл, софтвер за зголемување на безбедноста на мрежа, услуги за перење на возила, дизајн на идејно решение и изработка на нулти мостри за делови од униформа, санација на контејнери по различни основи (пожар, насилно обивање, релокација, дотраеност и слично), службени легитимации, спортска опрема, виљушкар, електро-хидраулична платформа за хеликоптери со скии, обука за GDPR Certified Data Protection Officer, свечена униформа за припадници на Полиција, соларни системи за греење на вода, таблетирана сол, услуги за сервисирање и одржување на ПП апарати и опрема, хидрантски мрежи и системи за дојава и постапката за набавка на услуги за чистење и одржување на базен во центар за обука – Идризово се бришат.

2. Постапката за набавка на млеко и млечни производи од две годишна се променува во три годишна рамковна спогодба.

3. Проценетата вредност во набавката на стоки – систем за печатење и пакување се зголемува на 1.200.000 денари без вклучен ДДВ и се менува видот на постапка во поедноставена отворена постапка.

4. Постапката за набавка на клима уреди и грејни тела го менува насловот во постапка за набавка на Инвертер клима уреди со нова проценета вредност од 30.000.000 денари без вклучен ДДВ, рамковна три годишна набавка.

5. Постапката обележување на антенски столбови го менува името во постапка за одржување на антенски столбови.

6. Постапката услуги за дефектажа, сервисирање, калибрација и верификација на ласерски радари со рок на верификација до март 2020 година се спојува со постапката услуги за дефектажа, сервисирање, калибрација и верификација на ласерски радари со рок на верификација до ноември 2020 година со име услуги за дефектажа, сервисирање, калибрација и верификација на ласерски радари со рок на верификација до ноември 2020 година и проценета вредност од 6.000.000 денари без вклучен ДДВ.

7. Постапката услуги за дефектажа, сервисирање, калибрација и верификација на етилометри (алкотестери) со рок на верификација до мај 2020 година се спојува со постапката услуги за дефектажа, сервисирање, калибрација и верификација на етилометри (алкотестери) со рок на верификација до ноември 2020 година со име услуги за дефектажа, сервисирање, калибрација и верификација на етилометри (алкотестери) со рок на верификација до ноември 2020 година и проценета вредност од 2.400.000 денари без вклучен ДДВ.

8. За постапката за набавка на средства за дезинфекција и заштитни средства се менува проценетата вредност во износ од 15.000.000 денари без вклучен ДДВ и видот на постапката која станува отворена постапка која ќе заврши со три годишна рамковна спогодба.

9. Постапката за набавка на услуги за изготвување на ревидирана проектна документација за градежни работи се спојува со постапката поставување на црево за оптички кабел со проценета вредност од 34.500.000 денари без вклучен ДДВ.

10. Проценетата вредност на постапката за набавка на услуги од надзорен орган при вршење на градежни работи се менува во 1.500.000 денари без вклучен ДДВ.

11. Проценетата вредност на постапката услуги за технички преглед на моторни возила се зголемува на 8.000.000 денари.

Согласен: Помошник министер, Андријана Савеска Павловска

**МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**Оливер Спасовски**